КНИГИ

# РЕФЕРЕНЦА ВО ИСТОРИЈАТА НА МАКЕДОНСКАТА ФОТОГРАФИЈА

АЛЕКСАНДАР КОНДЕВ

(Кон монографијата „Живко Јаневски, живот и творештво“ од Владимир Величковски, издание на Дирекцијата за култура и уметност на Скопје, 2002)

Владимир Величковски, познат историчар и критичар на уметноста, ја напиша книгата за Живко Јаневски, еден од малубројните автори на уметничка фотографија кај нас. Задачата на Величковски била во рамките на досегашните истражувања да го претстави целокупниот творечки опус на Јаневски, со сите негови интересирања, жанровски и тематски преокупации, како значаен автор од средната генерација.

Првиот дел на книгата е посветен на историскиот преглед на македонската фотографија, инаку прв поцелосен обид од тој вид кај нас, на чија основа ќе се отсликаат суштествените карактеристики на творештвото на Живко Јаневски. На тој начин авторот ни овозможува да се согледаат карактеристиките на времето и просторот, посебно на делата и нашиот однос спрема фотографијата воопшто.

Во овој дел е воспоставена релација во развојот на фотографијата од македонската зографска школа во 19 век, сè до мајсторската, еснафската фотографија и фотографијата како хоби на новата граѓанска класа, пред Втората светска војна. Тука се претставени првите автори со уметнички амбиции и првите фотографски изложби и развојот на современата фотографија во втората половина на 20 век.

Централниот дел е посветен на животот и творештвото на Живко Јаневски претставени со еден концизен и јасен исказ, со изнесени мислења и забелешки кои делуваат уверливо со својата примереност на прашањата што се обработуваат. Величковски користел релевантна литература, како и одделни мислења од колегите на уметникот. Во книгата се издвојува согледувањето дека Живко Јаневски знаел мајсторски да ги користи чистите фотографски средства, како и елементите на другите визуелни уметности, антиципирајќи во 60-те години и некои сликарски правци кај нас. Со аргументирано мислење Величковски високо го вреднува белградскиот период во творештвото на Живко Јаневски, како и неговата ангажираност во новинската фотографија по враќањето во Скопје. Авторот на книгата прецизно ги оспервира фазите, нагласувајќи ги во исто време и делата клучни за определениот период, или тематски циклус. Притоа аналитичкиот приод се проширува со аналогии и споредувања, со одделни критички забелешки. Во книгата всушност е остварен еден вид дијалог меѓу авторот на книгата и Живко Јаневски со нагласка на корелациите и влијанијата, на заклучоците за местото на македонската фотографија и важноста на Живко Јаневски во неа.




Голем уметник не е само оној кој зад себе оставил дела според кои ќе го паметат туку неговата големина треба да се бара и во личниот ангажман и повратниот ефект на сопственото делување. Со примерот на Живко Јаневски не среќаваме само автор кој создаде антологиски фотографии, толку различни од оние дотогаш направени, туку тој создаде генерации фотографи кои денес се во врвот на македонската новинарска фотографија.

Значајна дополна на главниот текст е блокот искажувања на самиот уметник Живко Јаневски, како и сеќавањата на неговата сопруга Вера Јаневска, посебно делот со извадоци од објавените интервјуа, и разни други текстови за неговиот живот и творештвото. Од друга страна, синтетичкиот преглед на теоретски погледи за фотографијата составен од познати примери не упатува на најзначајните претставници, како на фотографијата, така и на стручњаците што ја проучуваат.

На крајот, Величковски мошне засновано го изнесува мислењето дека поетиката, суптилната емотивност и рефлексот на внимателен набљудувач, е основната нишка која ги поврзува сите дела на овој уметник.

Кај нас малку внимание се посветува на поедини сегменти од нашето културно битие кои се наизглед споредни и ефемерни појави, но се осведочени примери за местото на една национална култура во цивилизираниот свет. Факт е дека за македонската фотографија постојат мал број текстови и затоа книгата за Живко Јаневски од Владимир Величковски е прв значаен придонес во тој домен. Притоа, на тој начин претставува неодминлива референца за натамошните истражувања и проучување на опусот на Живко Јаневски и на развитокот на македонската фотографија и воопшто.